# ОТВОРЕН ПОВИК

# ЗА

# ИЗРАБОТКА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА КАМПАЊА

Во рамки на проектот ,,Да зборуваме за климатските промени”, спроведуван од Еко-свест, ЦНВП Македонија и ДЕМ, финансиран од Европската Унија и активностите кои Еко-свест ги спроведува за потребите на проект „Промовирање на енергетска транзиција во С. Македонија’’, објавуваме повик за **изработка и спроведување на медиумска кампања за влијанието кое енергетската транзиција го има врз климатските промени.**

## ЦЕЛ НА АКТИВНОСТА

Цел на оваа активност е информирање и едукација на граѓаните во земјава за моменталните процеси и потенцијалите за енергетска транзиција во регионите со јаглен во земјата како начин за доближување на влијанието кое овие региони го имаат врз климатските промени. Кампањата треба да придонесе кон зголемување на свесноста на македонските граѓани за важноста на справувањето со климатските промени во сите сектори и на сите нивоа на донесување на одлуки како значаен чекор во спроведувањето на успешен процес на пристапување кон ЕУ и да се опфатат со активностите групите на граѓани кои во дадената заедница се најзасегнати од климатските промени или најмногу придонесуваат кон нив.

## ЗАДАЧИ

Избраната компанија треба да:

- Да соработува и да ги следи насоките за изработка и спроведување на кампањата од лицето назначено за комуникација од Еко-свест
- Да изработи дигитален маркетинг план и визуелен идентитет на кампањата во согласност со насоките од нарачателот
- Да го презентира дигиталниот маркетинг план и визуелен идентитет на кампањата пред нарачателот и да го модифицира во согласност со дадените насоки од нарачателот
- Да спроведе медиумска кампања за климатски промени во времетраење од еден месец
- Да изработи извештај за постигнатите резултати и да го достави на нарачателот

**ВРЕМЕНСКА РАМКА И ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ**

Времето на изработка на дигиталниот маркетинг план е 10 (десет) дена од потпишување на договорот.

Времето на спроведување на кампањата е еден месец по одобрување на дигиталниот маркетинг план.

Времето на доставување на извештај за постигнатите резултати е најдоцна до 10 јануари по потпишување на договорот.

Вредноста на договорот не може да надмине 2800 евра во денарска противредност без ДДВ.

Проектот е ослободен од ДДВ.

**ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ**

При аплицирањето, заинтересираните компании треба да достават:

1. Краток опис на компанијата
2. Портфолио со сработени кампањи за дигитални медиуми со посебен осврт на теми од животна средина и климатски промени
3. Биографија од најмалку едно лице со искуство во изработка и спроведување на кампањи, односи со јавност, маркетинг и работа на социјални медиуми, кое би било ангжирано на активноста
4. Предлог концепт за медиумска кампања
5. Тековна состојба не постара од 6 месеци
6. Финансиска понуда по ставки.

Целокупната документација треба да биде доставена на македонски јазик во електронска форма.

**КРИТЕРИУМИ ЗА АПЛИКАНТИТЕ**

Компанијата која аплицира мора да ги исполнува следниве критериуми:

1. Активна компанија која е формирана согласно Законите во Република С. Македонија, и постои најмалку 2 години.

**ЕВАЛУАЦИЈА НА КАНДИДАТИТЕ**

Евалуационата комисија ќе ги извести само оној кандидат чија понуда ќе биде избрана. Кандидатите ќе бидат оценувани по следните критериуми:

- Претходно искуство на компанијата 30 бодови

- Предлог концепт за медиумска кампања и биографии 50 бодови

- Понудена цена 20 бодови

Договор ќе биде склучен со онаа компанија која освоила најголем број бодови во соодност квалитет на понуда и цена.

**ПРИЈАВУВАЊЕ**

Комплетната понуда, апликантите треба да ја испратат на email: elena@ekosvest.com.mk **најдоцна до 12 ноември 2020 г. 16:00 часот,** со назнака Апликација за изработка и спроведување на медиумска кампања.

Некомплетни понуди или понуди испратени по предвидениот рок нема да бидат земени во предвид.

Повеќе информации можете да добиете на тел. 070 205 431

*Анекс 1*

## Финансиска понуда

| | Ставка | Цена со ДДВ | Цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| 1 | Изработка на дигитален маркетинг план во согласност со насоките од нарачателот | | |
| 2 | Изработка на визуелен идентитет на кампањата | | |
| 3 | Спроведување на кампања на дигиталните медиуми во времетраење од три месеци | | |
| 4 | Изработка на извештај за постигнатите резултати | | |
| **ВКУПНО** | | | |